| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и<br><br>Недим Рамизи, заменик на министерот за финансии |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии,<br><br>Елена Трпковска, државен советник во Министерството за финансии и<br><br>Вера Проковиќ, раководител на Сектор во Министерството за финансии |

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
за извршување на Буџетот на Република Македонија
за 2012 година, по скратена постапка

Скопје, ноември 2011 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.51-6794/1
2.11.2011 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**<u>СКОПЈЕ</u>**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 2.11.2011 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик на министерот за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии, Елена Трпковска, државен советник во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководител на Сектор во Министерството за финансии.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Подготвил:Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Извршувањето на Буџетот на Република Македонија за наредната фискална година се регулира со посебен закон во кој поблиску се определуваат начинот и условите за извршување на Буџетот за тековната фискална година.

## II. ЦЕЛИТЕ, НАЧЕЛАТА И ОСНОВНИТЕ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ ЗАКОН

Законот, чие донесување се предлага, се заснова врз следниве основни начела:

-рационално, економично, ефикасно и ефективно трошење на средствата од корисниците на Буџетот и

-законитост и одговорност при користењето на средствата на Буџетот за извршување на утврдените обврски на Републиката.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства, со оглед дека потребните финансиски средства за спроведување на планираните активности на буџетските корисници се планирани со Предлог-Буџетот на Република Македонија за 2012 година.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон потребните финансиски средства се обезбедени со Буџетот на Република Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, овој закон се предлага да се донесе по скретена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2012 ГОДИНА

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2012 година (во натамошниот текст: “Буџетот”) се извршува според одредбите на овој закон.

### Член 2

Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

## 2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ

### Член 3

Буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници.

### Член 4

Буџетските корисници и единките корисници не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот.

### Член 5

Техниката на наплата на приходите, извршувањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите се врши во согласност со актите пропишани од министерот за финансии.

### Член 6

Буџетските корисници од централната власт можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот, до Трезорот при Министерството за финансии доставaт годишен финансиски план по квартали, за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од 5 дена од денот на донесувањето на Буџетот, да доставaт извадок од годишниот финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани одобрените средства за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од став 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кој имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план да го достави до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината, буџетските корисници од централната власт може да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за

истото е потребно да се достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна 5 дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии да доставаат и збирен квартален план по месеци, по сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од централната власт може да доставаат барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел 090.02 - Министерство за финансии-Функции на државата се користат без одобрување на финансиски план.

Во случај кога Владата на Република Македонија, односно министерот за финансии во рамките на законските овластувања одобрува средства од раздел 090.02 - Министерство за финансии-Функции на државата на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат како финансиски план (право на трошење) во разделот на буџетскиот корисник.

Член 7

Исплатата на плати на буџетските корисници од централната власт и единките корисници ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од централната власт и единките корисници се задолжени два дена пред исплатата на плати, до Министерството за финансии да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе го приложат образецот МБП, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и др.) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од централната власт и единките корисници се должни да доставаат известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 8

На избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци.

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата од став 1 на овој член кои имаат семејство за издржување засноваат работен однос во орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос не живеат со нивното семејство.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата од став 1 на овој член, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.

На избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници кои користат надоместок за одвоен живот од семејството не им следува надоместок за трошоците за превоз заради посета на потесното семејство.

Член 9

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Македонија ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан меѓусебно се исклучуваат.

Член 10

Одредбите од членовите 8 и 9 од овој закон, се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и во Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

Член 11

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуствува од работа по која било друга основа, надоместокот за одвоен живот и паушал не се исплатува.

Член 12

Надоместокот за селидбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

Надоместокот за селидбени трошоци не следува доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

Член 13

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 14

Во случај на заминување на работникот во пензија  му се исплатува двократен износ за отпремнина  пресметан врз основа на  просечната месечна нето плата  по  работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Член 15

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000 денари.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со соодветен документ за идентификација (лична карта или пасош).

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 16

Буџетските корисници, правата стекнати по основ на членовите 8, 9, 12, 13, 14 и 15 од овој закон ги исплаќаат од одобрените средства со буџетот.

Член 17

Буџетските корисници и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, јавните претпријатија, агенции и јавно-правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Македонија, освен независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања, за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Република Македонија, односно во финансиските планови за тековната фискална година.

Јавните претпријатија, агенциите и јавно-правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Македонија, можат да вработуваат работници на начин утврден во став 1 од овој член само ако немаат прикажано загуба од нивното финансиско работење во Годишната сметка за претходната година.

Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за вработување на нови работници, писмено ги известува субјектите од став 1 на овој член за обезбедените финансиски средства за бараните вработувања.

## 2.1 ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ РАСХОДИ УТВРДЕНИ ВО ОСНОВНИОТ БУЏЕТ

Член 18

Средствата утврдени во Раздел 040.01 - Влада на Република Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 - Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на Комисија формирана од Владата.

Здруженијата на граѓани и фондации до Владата на Република Македонија-Генерален секретаријат доставуваат програми за намената на бараните средства, по претходно распишан оглас.

Член 19

Средствата утврдени во Раздел 040.02 - Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Потпрограма 1А- Реконструкција на згради на владини органи, се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија на предлог на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 20

Средствата утврдени во Раздел 040.10 - Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Потпрограма К5-Соодветна и правична застапеност на заедниците, ќе се користат за вработување на припадници на заедниците кај буџетските корисници и единките корисници од централната власт, по претходно одобрение на Координативното тело за соодветна и правична застапеност формирано од Владата на Република Македонија.

Средствата утврдени во Разделот 040.10 - Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Потпрограма 21 - Промоција на меѓуетнички односи на ставката 463-Трансфери до невладини организации, кои се наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации со цел промовирање на меѓуетнички односи, ќе се користат врз основа на Одлука на

Владата на Република Македонија, на предлог на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

Член 21

Во Раздел 090.02 - Министерството за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 426 - Други тековни расходи, се обезбедуваат средства за плаќање на провизии за платен промет и за извршени услуги, надоместоци за комисии и други трошоци.

Член 22

Средствата утврдени во Раздел 090.02- Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20-Функции, категории 45 - Каматни плаќања и 49 - Отплата на главнина, за отплата на камата и главнина по основ на странски и домашен долг, како и средствата утврдени во Потпрограмата 20 - Функции, ставка 485 - Вложувања и нефинансиски средства наменети за плаќање на гаранции на државата согласно одредбите од склучените договори, како и краткорочните позајмици кои се враќаат до крајот на фискалната година се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 23

Средствата за финансирање на проектите од пооделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ) индикативно се планирани во раздел 090.02 - Министерство за финансии-Функции на државата, освен средствата за национално ко-финансирање на петтата компонента од ИПА-Рурален развој кои се планирани во раздел 140.04 - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

При ненавремен трансфер на средствата од ЕУ наменети за финансирање на проектите од пооделните компоненти од ИПА средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија согласно со интерните процедури на Министерството за финансии.

При извршување на Буџетот на Република Македонија приоритет во исплатата на средства ќе има финансирањето на проектите од пооделните компоненти од ИПА.

Член 24

Во Раздел 090.02 - Министерство за финансии-Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 465 - Исплата по извршни исправи, се обезбедуваат средства за плаќање на извршни исправи. Овие средства се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 25

Во Раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 480 - Купување на опрема и машини, се обезбедуваат и средства за плаќање на данок на додадена вредност и акцизи за реализација на проекти врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци. Овие средства се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Поблиски прописи за начинот на спроведување на одредбите од став 1 на овој член донесува министерот за финансии.

Член 26

Средствата утврдени во Раздел 090.04 - Агенција за стоковни резерви, Потпрограма 20 - Управување со стоковни резерви, ставка 484 - Стратешки стоки и други резерви, се користат по претходно донесена Програма за формирање на стоковните резерви за 2012 година од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за стоковни резерви.

Член 27

Средствата утврдени во Раздел 090.07 - Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Потпрограма 20 - Задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ставка 484 - Стратешки стоки и други резерви, се користат по претходно донесена Програма за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2012 година од Владата на Република Македонија, на предлог на Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

Член 28

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма 20 – Сообраќај и комуникации, ставка 464 – Разни трансфери, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма 3А - Каскадни прегради на река Вардар за општините Сарај и Ѓорче Петров, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС се користат по претходно донесена одлука од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се користат по донесена годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура од Владата на Република Македонија на предлог на управителот на инфраструктура.

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, планирани на ставка 461 - Субвенции за јавни претпријатија, се користат согласно донесена одлука од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма 3Б - Водовод и канализација за општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена во текот на годината, до извршено рефундирање од сметката за кредит за истата намена во раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски.

Доколку до крајот на месец октомври во тековната година, не се изврши рефундирање на средства од став (5) од овој член, Трезорот по службена должност врши пренамена на средства од Буџетот на раздел 130.01 - Министерство за транспорт и врски, од сите ставки и програми.

Член 29

Средствата утврдени во Раздел 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 464 - Разни трансфери, ќе се користи по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 30

Средствата утврдени во раздел 140.04 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделието, ставка 464 - Разни трансфери, како и средствата утврдени во Потпрограма 2А - Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, ќе се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 31

Средствата утврдени во Раздел 140.05 – Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија, Потпрограма 20 – Ветерина и безбедност на храна, ставка 464 - Разни трансфери ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија.

Член 32

Средствата утврдени во Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 - Трансфери до невладини организации, ќе се користат со Одлука на Владата на Република Македонија, за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, здруженијата на граѓани за борба против семејното насилство и Црвен крст на Република Македонија, согласно Законот за игри на среќа.

Член 33

Средствата за заштита на социјално загрозеното население утврдени во Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 50 - Надоместоци за социјална заштита, ставка 471 - Социјални надоместоци, ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија и оформена документација од страна на центрите за социјална работа.

Член 34

Средствата за исплата на детски и родителски додаток утврдени во Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 52 - Надоместоци за детска заштита, ставка 471 - Социјални надоместоци, ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија и комплетирана документација од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Член 35

Средствата за извршување на обврските на Република Македонија по основ на пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон, во Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 60 – Поддршка на социјални фондови, ставка 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ се исплатуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија по претходно доставена пресметка од Фондот до Министерството за труд и социјална политика.

Член 36

Средствата за извршување на обврските на Република Македонија по основ на капитално финансирано пензиско осигурување утврдени со закон, во Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 61 - Транзициони трошоци по основ на пензиска реформа, ставка 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ се исплатуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија по претходно доставена пресметка од Фондот до Министерството за труд и социјална политика.

Член 37

Средствата за извршување на обврските на Агенцијата за вработување на Република Македонија, утврдени во Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 60 - Поддршка на социјални фондови, ставка 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување, ќе се користат преку Агенцијата за вработување на Република Македонија, по претходно доставена пресметка од Агенцијата до Министерството за труд и социјална политика.

Член 38

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии-Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 433 - Трансфери до Фондот за здравствено осигурување, ќе се користат врз основа на претходно доставена пресметка од Фондот за здравствено осигурување на Македонија до Министерството за финансии.

Член 39

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии-Функции на државата, Потпрограма 20 - Функции, ставка 487 - Капитални трансфери до вонбуџетски фондови, ќе се користат врз основа на донесена годишна програма на Агенцијата за државни патишта од страна на Владата на Република Македонија, а по претходно доставено писмено барање од Агенцијата до Министерството за финансии.

Член 40

Буџетските корисници на централниот буџет при прераспределба на средства во рамки на одобрените буџети, а кои се однесуваат на зголемување или намалување на расходните ставки 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ, 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување, 433 -Трансфери до Фондот за здравствено осигурување и 487-Капитални трансфери до вонбуџетските фондови, мораат соодветно да обезбедат и прераспределба на средствата утврдени во буџетите на фондовите.

Член 41

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за државни патишта до Министерството за финансии доставуваат полугодишен и годишен извештај со образложение за висината и намената на искористените средства од член 37, 38 и 39, како и образложение за преземените и планирани мерки за зголемување на наплатата на даночните и неданочните приходи во нивна надлежност и предлози за намалување на трансферите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

Член 42

Средствата утврдени во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Потпрограма ТА - Изградба на основни училишта и ТБ - Реконструкција на основни училишта, се користат по претходно донесена Програма за изградба и реконструкција на основни училишта од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Потпрограма ТГ - Изградба на средни училишта и ТД – Реконструкција на средни училишта, се користат по претходно донесена Програма за изградба и реконструкција на средни училишта од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Програма 5 - Ученички стандард и Потпрограма ТИ – Реконструкција на ученички домови; Програма 6 - Студентски стандард и Потпрограма ТК – Изградба и реконструкција на студентски домови се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Потпрограма 71 - Научно-истражувачка работа, со исклучок на средствата утврдени во категоријата 48 - Капитални расходи, се користат по претходно донесена Програма за научно-истражувачка дејност од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Член 43

Средствата утврдени во Разделот 161.01 - Агенција за млади и спорт, Потпрограма 20 - Спорт, ставка 463 - Трансфери до невладини организации се користат за финансирање на спортот, за спортските федерации и клубови, согласно Законот за игри на среќа.

Распределбата на средствата од ставот (1) на овој член ја врши Владата на Република Македонија со одлука, врз основа на програма поднесена од Агенцијата за млади и спорт.

Средствата утврдени во Разделот 161.01 - Агенција за млади и спорт, Потпрограма 40 - Меѓународен програм, ставка 463 - Трансфери до невладини организации се користат по претходно донесена Програма за развој на спорт и млади од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за млади и спорт.

Член 44

Средствата утврдени во Раздел 190.01 - Министерство за здравство, Потпрограми 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66 и 67, се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за здравство.

Член 45

Средствата утврдени во Раздел 191.01 - Министерство за локална самоуправа, Потпрограма ОА-Рамномерен регионален развој, ставка 464 -Разни трансфери се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за локална самоуправа.

Член 46

Средствата утврдени во раздел 280.01 - Биро за регионален развој, Потпрограма ОА - Рамномерен регионален развој, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Бирото за регионален развој.

Член 47

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерството за финансии - Функции на државата, Потпрограма А0 - Децентрализација, ставка 441 - Дотации од ДДВ, се пренесуваат на сметките на општините врз основа на уредба донесена од Владата на Република Македонија.

Член 48

Средствата од Буџетот на Република Македонија за наменски и блок дотации се пренесуваат на сметките на општините врз основа на уредби донесени од Владата на Република Македонија, а за финансирање на пренесените надлежности, во динамика усогласена со Министерството за финансии.

Член 49

Буџетските корисници кои се обврзани да изготват Програми за користење на средства од Буџетот, должни се до Владата на Република Македонија да ги достават истите во рок од 30 дена од денот на објавување на Буџетот во Службен весник на Република Македонија.

Владата на Република Македонија е должна да ги донесе Програмите од став 1 на овој член во рок од 30 дена од денот на доставување од страна на буџетските корисници.

Буџетските корисници до Министерството за финансии доставуваат полугодишен и годишен извештај за реализација на програмите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

Член 50

Поврат на приходи кои му припаѓаат на Буџетот се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за уплатени приходи по кои не е настанато правно дејство.

Пренасочување на приходи кои му припаѓаат на Буџетот се врши единствено кога се работи за погрешно уплатени приходи.

Повратот, односно пренасочувањето на приходите од став 1 и 2, освен приходите од ставовите 4, 5 и 6 од овој член, се врши со решение на министерот за финансии. По исклучок за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Трезорот по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно, пренасочување на приходите за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи. По исклучок за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Управата за јавни приходи по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на директорот на Царинската управа. По исклучок за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Царинската управа по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно пренасочување на приходи кои со својата дејност ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки, се врши со решение на функционерот кој раководи со органот. По исклучок за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го вршат органите на државната управа по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Начинот на постапување при извршувањето на повратот, односно пренасочувањето од овој член го пропишува министерот за финансии.

## 3. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ, ДОНАЦИИ И ЗАЕМИ

Член 51

Приходите остварени од самофинансирачки активности, од донации и заеми, буџетските корисници од централната власт можат да ги користат за намените и во висина на износите утврдени со Буџетот врз основа на годишен финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки и истиот е потребно да се достави до Трезорот при Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од 5 дена од денот на донесувањето на Буџетот, да доставаат извадок од годишниот финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани одобрените средства за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од став 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки кои имаат обврска да го доставаат до надлежното министерство и до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот.

Во текот на годината буџетските корисници од централната власт можат да доставаат барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетските корисници од централната власт да доставаат образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изготвуваат предлог - финансиски

план за даден квартал, по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии најдоцна 5 дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии да достават и збирен квартален план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал буџетските корисници од централната власт можат да доставaт барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Член 52

Прераспределбата на утврдените средства на посебните сметки, меѓу расходните ставки, програми и потпрограми во рамките на буџетот на буџетскиот корисник, се врши со претходна согласност на министерот за финансии.

## 4. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИ ОД СМЕТКИТЕ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ ПО ОСНОВ НА ПРИСИЛНА НАПЛАТА

Член 53

Средствата за исплата по налози за извршување (решенија за присилна наплата и налози за извршување доставени од Народна банка на Република Македонија) се извршуваат од ставката 465 - Исплата по извршни исправи.

За извршување на налозите за извршување, Министерството за финансии по автоматизам врши пренамена на ставката 465 - Исплата по извршни исправи во висина на потребниот износ од другите ставки каде има расположливи средства во рамки на буџетот на буџетскиот корисник, освен од категоријата 40 - Плати и надоместоци .

По исклучок од став 2 на овој член, за раздел 090.02 - Министерство за финансии-Функции на државата ќе се применува член 24 од овој закон.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 54

Буџетот на Република Македонија за 2012 година ќе се извршува од 1 јануари до 31 декември 2012 година.

Член 55

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
# НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Собранието на Република Македонија во јули 2005 година донесе Закон за Буџетите со кој се уредува постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје.

Буџетските корисници и единките корисници се одговорни за наменското користење на одобрените средства при што реализацијата на расходите односно преземањето обврски единствено е можно во рамките на износите утврдени во Буџетот на Република Македонија. Преземањето на нови обврски подразбира предлагање на нов извор на средства или соодветно намалување на веќе планираните расходи.

Подетално се дефинира постапката за користење на одобрените средства со буџетите преку задолжително доставување на годишни, квартални и месечни финансиски планови до Министерството за финансии, како и можноста за нивна измена во текот на фискалната година, доколку за тоа се укаже потреба.

Со Предлог законот се регулирани условите според кои вработените и избраните и именувани функционери ги остваруваат правата за надоместоци за одвоен живот, селидбени трошоци, закупнина за стан, дневници за вработените и паричен надоместок по основ на солидарна помош. За паричниот надоместок по основ на солидарна помош се прецизираат потребните документи врз основа на кои се докажува основаноста на ова право, категориите на лица на кој се однесува истото и начинот на исплата на истото.

Подетално се уредува начинот на користењето на средствата по одделни раздели, потпрограми и ставки.

Со Предлог - Законот се регулира трансферот на наменските дотации до единиците за локалната самоуправа преку надлежните министерства, според динамика усогласена со Министерството за финансии.

За навремено отпочнување на подготвителните активности за користење на средствата за одделни проекти, програми и намени и во 2012 година останува обврската буџетските корисници да ги достават програмите во утврдениот рок (30 дена) од денот на објавување на Буџетот.

За позначајните ставки како што се трансферите до фондовите, како и за планираните средства на пооделни ставки за кои претходно се донесени програми од Владата на Република Македонија со цел потранспарентно искористување на истите се предвидува доставување на полугодишни и годишни извештаи од страна на корисниците на овие средства до Министерството за финансии.

Се уредува постапката за поврат на погрешно уплатени или наплатени приходи во износ поголем од утврдениот.

Се уредува постапката за извршување на буџетите финансирани од приходите наплатени од дополнителни активности на буџетските корисници и приходите од донации и заеми.

Со Предлог - Законот се предвидува извршување на налози за извршување (решенија за присилна наплата и налози за извршување доставени од судски извршител) од една единствена потставка, при што Министерството за финансии по автоматизам врши пренамена во корист на оваа потставка од другите ставки во рамките на одобрениот буџет на буџетскиот корисник. На овој начин од една страна се овозможува искажување и известување за реално направените трошоци при извршувањето на буџетот согласно намената и видот на расходот, а од друга страна во секој момент на побрз и поедноставен начин ќе може да се обезбеди детална информација за извршените присилни наплати по судски решенија за буџетските корисници.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани со посебните законски решенија кај буџетските корисници за законско користење на планираните буџетски средства за 2012 година за намената за која се доделени средствата.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Заради попрецизно уредување на условите и начинот на извршување на Буџетот за 2012 година се предлага донесување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, како надополнување на одредбите на системскиот Закон за буџетите, односно процедурите за управување и извршување на буџетите на буџетските корисници, и истиот го регулира следното:

Се обезбедува континуитет на обврската за наменско, рационално, економично и ефикасно користење на одобрените средства од страна на буџетските корисници и единките корисници.